10

Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Здружение на граѓани за подигање на психо – социјалната свест Имаго Плус Скопје
(Име на здружението/ фондацијата)

ЗАВРШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЕКТОТ

Информативна, едукативна и психолошка помош на лица со попреченост за време на Ковид-19
(Име на проектот)

Скопје, 31. 12. 2021 година
(Место) (датум)

1. Општи информации за проектот и корисникот

Број на Договор за обезбедување финансиска поддршка	25-32/1 од 19.6.2020
Име на здружението/фондацијата корисник	Здружение на граѓани за подигање на психо – социјалната свест Имаго Плус Скопје
Наслов на проектот	Информативна, едукативна и психолошка помош на лица со попреченост за време на Ковид-19
Период на спроведување на проектот	од 20.06.2020 година до 31.12.2020 година
Лице овластено за застапување на корисникот	Земријет Бела - Весели
Проектен менаџер	Земријет Бела - Весели
Телефон и е-пошта за контакт	070 992 202 / imagoplus@outlook.com
Цел на проектот	Општата цел на проектот беше **да им се помогне на децата со попреченост, младите и нивните семејства да ја надминат фазата на пандемијата без зголемување на негативните последици од „Ковид-19“ кои влијаат на нивното ментално здравје.** Специфичните цели беа насочени кон: - подигање на свеста на децата со попреченост и нивно разбирање за пандемијата; - промовирање на информациите за заштита од Ковид-19 како што се превземањето на неопходни заштитни мерки за спречување на проширувањето на вирусот; - нивно едуцирање во создавањето на нови рутини како последица од пандемијата; и пружење на социјална поддршка за време на периодот на пандемијата, и можностите за интеракција со другите по пандемијата
Целна група	Целни групи на овој проект се следниве категории: - Деца со попреченост во развој - Млади со развојни проблеми - Родители на деца со попреченост - Маргинализирани семејства - Други засегнати страни - Медиуми
Целно подрачје и локација каде се спроведувал проектот	Фокусот на проектот беше насочен кон руралните и најнеразвиените области каде живеат деца со попреченост во општините Липково, Врапчиште и Тетово.
Вкупна вредност на проектот (според договорот за обезбедување финансиска поддршка)	801.090 ден.
Вкупно потрошени средства до денот на завршување на проектот	801.100 ден.

2. Резиме - Краток преглед на спроведените активности и оценка на постигнатите резултати на проектот.

(Резимето треба да одговара на содржината на проектот и да не е подолго од 200 зборови или 1-2 страници)

3. Спроведени активности и резултати од проектот
Наведете ги активностите (како што се предвидени во проектот), опишете ги преземените активности со периодот на спроведување и постигнатите резултати

Активност (како што е предвидено со проектот)	Опис на спроведената активност	Период на спроведување	Постигнати резултати
1. Воспоставување на формална соработка со општините и Центрите за социјална	На самиот почеток на проектот Имаго Плус испрати три тимови во трите општини со цел воспоставување на формална соработка со локалните власти и со Центрите за социјална работа. При првата средба ги договорија првичните заеднички активности: формирање на тим на експерти кои ќе бидат на терен. Секој тим освен вработени на Имаго Плус имаше и по еден претставник и од Центарот за социјална работа. Следен чекор беше подготовка на списоци на семејства кои имаат лица со попреченост. Потоа почна работата на терен каде формираните тимови ги реализираа планираните посети.	15.07-30.09	1. Воспоставување на формална соработка со 3 општини: Тетово, Липково и Врапчиште. 2. Воспоставување соработка со три Центри за Социјален Развој. 3. Списоци на семејства со посебни потреби
2. Анализа (проценка на потребите на семејствата со лица со попреченост во три општини: број на семејства, број на лица со попреченост, нивни итни потреби (заштитна опрема (маски, средства за дезиндекција...), професионална проценка за ниво и тип на психолошка поддршка, идр.)	На самиот почеток се подготви прашалник со 13 прашања, на македонски и албански јазик, за семејствата на лицата со потребни потреби. Семејствата потпомогнати од тимот на експерти ги пополнија прашалниците. Вкупниот број на анкетирани семејства, односно лица е 115. Имаше и одреден број на семејства кои не сакаа да учествуваат на анкетата. Првичните резултати покажаа итна потреба од заштитна опрема (маски, средства за дезиндекција...) потреба од институционализана поддршка од надлежните за оваа категорија на лица.	01.07-30.09	1. Изработен прашалник на македонски и албански јазик. 2. Ексел табела со сите одговори 3. Финалната верзија на анализата од терен
3. Обезбедување/набавка на заштитни материјали: средства за дезинфекција, заштитни маски, ракавици и скафандери.	Според првичните резултатии добиени од теренот, и потребата од заштитни материјали, се направи едно барање за набавка на заштитни материјали: средства за дезинфекција, заштитни маски, ракавици и скафандери. Од добиените понуди се избра најдобрата опција (добар квалитет со солидна цена). Потоа се направи нарачката и целиот материјал е доставен во	15.08-15.09	1. Пакети 250 парчиња со следниот материјал: специјални изработени кеси со лого на НВО Соработка и Имаго Плус, по 4 заштитни маски за повеќекратна употреба по семејство, и по 200 мл. средство за дезинфекција).

	просториите на Имаго Плус. Истиот ќе почне да се дистрибуира по семејствата засегнати со проектот, при реализирање на следните посети (Б ии Ц).		
4. Први реализирани посети на терен - А	Првите посети беа реализирани со цел да се запознаат 300 семејства од сите три општини со проектот и планираните активности, да се пренесат информации околу пандемијата, мерките за заштитата од вирусот, како и процесот на промовирање, разбирање и справување на концептот на социјалното дистанцирање и како да се справат со последиците. Исто така и информирање на родителите и децата за (невистинити) митовите поврзани со Ковид-19. Околу 300 семејства со лица со попреченост посетени.	01.08-10.09	1. Список на посетени семејства во три општини: Липково, Врапчиште и Тетово 2. Извештаи од терен 3. Видео материјали од терен
5. Втори реализирани посети на терен - Б	Истите семејства беа посетени по вторпат со цел да се понудат совети и корисни алатки како да се справат и да се заштитат од вирусот и како да се спречи пандемијата, и во исто време им беа доделени пакети за заштита од вирусот Ковид-19. Истотака, на сите кои беа спремни им беше понудено психолошка поддршка од релевантни експерти: психолог, дефектолог, социјален работник, логопед и слично.	15.09-30.10	1. Список на посетени семејства по вторпат во три општини: Липково, Врапчиште и Тетово 2. Извештаи од терен 3. Видео материјали од терен
6. Трети реализирани посети на терен - Ц	Посетите по трет пат имаа поинаков пристап и беа реализирани како посебни/индивидуални сесии за психолошка помош на децата со попреченост со цел да им помогнат да го подобрат своето ментално здравје во овој тежок период за нив, за да спречат зголемен ризик од злоупотреба за време на социјална изолација во зави. Сесиите беа водени од релевантнтие експерти потребни за секое дете поединечно: психолог, дефектолог, социјален работник, логопед идр.	01.11-10.12	1. Список на посетени семејства по третпат во три општини: Липково, Врапчиште и Тетово 2. Извештаи од терен 3. Видео материјали од терен
7. Изработка на работен план по општини според потребите на семејствата и лицата со попреченост (донација за заштитна опрема според број на семејства, број на професионалци (психолози, дефектолози, социјални работници и слично), број на деца вклучени во	Работниот план за посети се направи на самиот почеток на проектот, користејќи ја базата на податоци на Центрите за Социјален развој на сите три општини. Исто така на самиот почеток се направија и трите тимови од професионален кадар (психолози, дефектолози, социјални работници и слично) од Имаго Плус и претставник од Центрите за Социјален Развој.	15.07-15.08	1. Работнен план за посети 2.Воспоставен тим на експерти во трите општини

активностите и индивидуална потреба.			
8. Подготвување, изработка и печатење на образовни и едукативни материјали, во илустративна форма, како што текстуални објаснувања и толкување на знаковниот јазик (во зависност од посебната потреба на целната група) за заштита од пандемијата (печатени и електронски брошури, кратки видеа објаснувајќи за вирусот, како да се заштитат идр.).	На самиот почеток на проектот Имаго Плус изработи брошура која ги содржи основните информации за Ковид-19, заштитните мерки кои треба да се преземат со цел заштита од пандемијата илустрирани со слики и интересни елементи со цел подобра илустрација. Самата брошура е направена на македонски и албански јазик, со цел поширока информација. Брошурата е испечатена во 200 примероци кои беа споделени со семејствата при првите посети реализирани во рамките на проектот. Моментално се работи на исработка на двете кратки видеа кои треба на полесен начин да го објаснат процесот на заштита од вирусот.	01.07-30.07	1. Испечатени 500 памфлети со информации како да се заштитите од ковид (по 250 парчиња на македонски и албански јазик). 2. Испечатени брошури 300 парчиња (по 150 на македонски и 150 на албански јазик.)
9. Подготовка на 2 видео анимации: една на македонски јазик и друга на албански јазик, дополнета со знаковит јазик и аудио снимка. Истотака е изработено и едно видео од видео материјалите добиени во текот на спроведувањето на проектот на терен.	Оваа активност вклучува припрема на текст поврзан со короната и како да се заштитиме од неа. Потоа истиот текст е преведен и на албански јазик. Понатаму текстовите се читани/снимени во професионално студио. Изготвените материјали се потоа преточени во скица - за анимираното видео, која го има инкорпорирано аудио снимката, знаковиот јазик, која резултираше со видео анимација од скоро три минути во македонски и албански јазик.	15.10-15.12	1. Видео анимација на македонски јазик - со знаковит јазик и аудио текст 2. Видео анимација на албански јазик - со знаковит јазик и аудио текст 3. Снимка од проектните активности
10. Две гостувања во национални телевизии: МРТВ и ТВ 21	Дури на самиот почеток медиумите беа вкчучени во процесот на спроведување на проектните активности, и воедно беа користени како алатка за зголемување на видливоста и едукацијата во поширок опсег. Проектниот менаџер на проектот гостуваше на две емисии во различни телевизии со цел презенитрање на проектот и проектните активности, и добиените резултати.	01.11-10.12	1. Снимка од гостувањето во МРТВ 2. Снимка од гостувањето во ТВ 21
11. Промоција на проектните активности во социјални медиуми	За време на спроведување на самиот проект лицето надлежно за социјалните медиуми редовно објавуваше и постираше нечувствителен и личен материјал произведен за време на проектот со кое се обезбеди поголема видливост и и во оние целни групи кои не беа директно вклучени во проектот. индиректно имаат корист од материјалите.	15.07-20.12	1. Текстуални, аудио и видео материјали поврзани со проектните активности и резултати беа постирани во ФБ страната на Имаго Плус 2. Табела со линкови од објави по социјални мрежи.
12. Евалуација на проектот	При самиот крај на проектот,	01.12-31.12	1. Евалуација на

	направена е финална евалуација на проектот од страна на независен евалуатор / консулант со цел да се добие јасна слика околу самиот начин на спроведување на активностите, користените методи и начини на надминување на предизвиците, и како финансиската конструкција одговара на проектните активности и резултати. И кои бил импактот од овој проект.		проектните активности

4. Проблеми во спроведување на проектот (Наведете доколку имало проблеми во спроведувањето на активностите на проектот, вклучително и доцнење и како тоа влијаело на постигнување на резултатите и целите на проектот)

Спроведувањето на проектот генерално се одвиваше без поголеми проблеми, иако во отежнати услови поради пандемијата Ковид-19.

Сепак тимот што беше вклучен при посета на семејствата на терен имаат наидено на неколку предизвици како што се надеведени:

1. Сите посетени семејства не беа расположени да учествуваат на самиот проект, дел од нив не сакаат да пополнат прашалник, а другите сакаа да останат анонимни, и трети сакаа да бидат вклучени во проектните активности но без нивните деца да бидат изложени на пошироката јавност.

2. Неколку случаеви на семејствата тврдеа дека немаат член на семејството со посебни потреби иако се дел од ти семејства кои добиваат финанска помош поради имање на лице со посебни потреби во семејството.

3. Имаше дел од семејствата кои не беа лоцирани, од причина што, нивните соседи тврдеа дека тие семејства се имигрирани во Европа. Овој случај беше највеќе присутен во општина Липково и дел од Врапчиште.

5. Видливост и јавност (Одржани конференции, јавни настани, подготвени публикации, објави во медиуми за проектот и сл.)

Активност	Индикатори		
	Број на учесници	Број на примероци	Објави во медиуми
Гостување во национални медиуми: Презентирање на наодите од Анализата (проценка на потребите на семејствата со лица со попреченост во три општини.		50	• Телевизија МТВ2 • Телевизија Алсат М • Социјални медиуми (ФБ на Имаго Плус)
Достава на пакети со заштитни материјали: средства за дезинфекција, заштитни маски, ракавици и скафандери.	300 семејства	500 примероци	Социјални медиуми (ФБ на Имаго Плус)
Флаери– како да се заштитиме од вирусот Ковид-19	300 семејства	500 во две верзии (македонски и албански)	• Телевизија МТВ2 • Телевизија Алсат М Социјални медиуми (ФБ на Имаго Плус)
Брошури со образовни и едукативни материјали, во илустративна форма	300 семејства	300 во две верзии (македонски и албански)	• Телевизија МТВ2 • Телевизија Алсат М Социјални медиуми (ФБ на Имаго Плус)
Видео – како да се заштитиме од короната		1 во две	• Youtube

		верзии (македонски и албански)	• Социјални медиуми (ФБ на Имаго Плус)
Видео материјали поврзани со проектните активности.		1	• Youtube, • Социјални медиуми (ФБ на Имаго Плус)

6. Заклучоци за постигнување на целите, идни активности и одржливост на проектот

Проектот успешно се спроведуваше во сите три општини успешно. Тимовите ги посетија сите планирани семејства иако не сите семејства сакаа да бидат вклучени во проектните активности.

Анализата на терен во која беа вклупени 115 семејства во трите општини: Липково (43 семејства), Тетово (38 семејства) и Врапчиште (34) покажа дека од проблемите кои семејствата се соочуваат најголем предизвик им се економските проблеми (64 одговори), потоа социјалните предизвици (32 одговори), па психолошките и образовните (28 одговори) и помалку се соочуваат со здравствени проблеми (24) и најмалку хигиенските (20 одговори).

Најголем број од тие семејства се корисници на социјална помош по основа на дете со попреченост (70%) иако има и број кои не добиваат поддршка институционална за нивната ситуација (19%). Помош која итекако им е потребна на овие семејства.

За време на пандемијата со Ковид-19 родителите на децата со попреченост се изјаснија дека откажаните редовни активности на тие деца највеќе имаат влијаено на нивната благосостојба, потоа имаат приметено и зголемена вознемиреност кај тие деца. Како предизвик кај тие деца беше и запазувањето на дадените мерки како одржување на хигиена и растојание. Додека најмал број од нив се изјаснија дека насилството како појава е зголемено. Децата со попреченост би требало да можат без поголеми ограничувањата да ги реалиираат нивните секојдневни обврски со цел да не влоши уште повеќе нивната психофизичка способност и не губат од досегашната работа и резултат од индивидуална / групна работа.

Овие семејства истотака и се преоптоварени и оставени сами на себе, додека Ковид-19 им ја влоши таа ситуација. Поголем број од нив секогаш се осеќаат преоптоварени и потребно е надлежните институции да се потрудат да им излезат во пресрет на ова маргинализирана група, со конкретни активности како отворање на дневни центри за поддршка на децата со попреченост, каде би можеле да поминат дел од денот, или да им се помогне да учествуваат на групни/индивидуални терапии/третмани каде би можеле да ги зајакнат нивните едукативни и психички способности.

Поголем број од тие деца посетуваат школо, но има и дел кои за жал поради невозможност и недоволни услови во образовните институции не се во состојба да посетуваат редовно/специјално образование. Процесот на инклузивност треба целосно да се примени, и посебно во руралните средини каде имаат дури поголема потреба од едукативни активности. Исто така, овие деца се соочуваат и со недостиг на услови за да можат да присуствуваат на културни и забавни активности, покрај образовните. Поголемиот дел од нив го поминуваат времето играјќи надвор или со телефон, иако има и такви деца кои сакаат музика, спорт идр.

Потребно да е да се размисли институционално да се воведат активности кои би биле многу корисни за ова маргинализирана категорија на деца.

Институционална поддршка на овие семејства и деца е безпрекорна, и пред се на можноста да учествуваат на специјализирани обуки / терапии од страна, со цел подобровање на нивните психофизички можности. Не сите семејства биле во контакт со професионален кадар (специјален едукатор, логопед, психолог, социјален работник итн), па не можеа да ги кажат придобивките. Но сепак има дел од нив кои виделе успех при работа со специјален едукатор, логопед и психолог.

Но, секако поголемиот дел од семејствата (71%) веруваат дека доколку надлежните институции одлучат да поддржат слични активности, тие би ги пратиле своите деца на усовршување и учество во групни / индивидуални третмани. Иако има и помал број кои не сакаат, или не се сигурни дали нивната ситуација ќе се подобри од таквите третмани/терапии.

Истотака, поголемиот дел од родителите (70%) мислат дека придобивките од индивидуалната работа ќе биде многу позитивна за нивните деца, додека помал број не се сигурно дали ќе има негативно или ќе нема воопшто влијание во психофизичкиот развој на оваа категорија на лица.

На крај, сите родители се подеднакво загрижени околу иднината на своите деца пред се поврзани со нивното здравје, финансиската несигурност, можноста тие деца да бидат вклучени во образовниот систем, да станат независни и во иднина да можат самостојно да си живеат и да си го остварат правото на работа и достоен живот.

7. Резиме на Финансискиот извештај

Структура на трошоци	Доделени средства (според Договорот)	Реализирани трошоци	Забелешка
I. Човечки ресурси	**162.000 ден**	**162.000 ден**	
II. Оперативни трошоци	**155.100ден**	**155.100 ден**	
III. Директни трошоци	492.000 ден	**492.000 ден**	
Вкупни трошоци (I+II+III)	**809.100 ден**	**809.100 ден**	

8. Документација

(Наведете листа на документи што се доставуваат во прилог на Завршниот извештај)

1. Финален наративен извештај
2. Финансиски извештај
3. Проценка на потребите на семејствата на лица со попреченост за време на пандемија во Општините Липково, Тетово и Врапчиште заедно со листа на посетени семејства.
4. Проценка на проектот
5. Примероци од флаери и брошури на македонски и албански јазик
6. Авторски договори за сите кои учествувале на реализација на проектот.
7. Извод од банка
8. Понуда за анимација
9. Фискални и сметко потврди
10. УСБ со видео снимка на анимација за деца како да се заштитат од Ковид-19 , слики од активностите

Согласно член 10 став 3 од Договорот за обезбедување на финансиска поддршка, во прилог на Завршниот извештај задолжително се доставува: копии од листи на учесници, фотографии од настани, примероци од подготвени извештаи, публикации и други релевантни документи, како и детална документација за сите трошоци (за неготовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот и поврзаните изводи од банка; за готовински плаќања: копии од сметките кои го покажуваат корисникот, копии од фискални сметки и сметкопотврда; друга документација: патни налози со релевантните прилози, документи врз основа на кои се извршени плаќањата - договори, спогодби, извештаи за плата и други релевантни документи).

Скопје, 31. 12. 2021 год. — Земријет Бела – Весели, Претседател на ИМАГО ПЛУС

(Место) (датум) — (име, презиме и функција на овластеното лице за застапување на здружението/фондацијата

М.П. ______________________ (Потпис)

www.nvosorabotka.gov.mk
e-mail: nvosorabotka@gs.gov.mk

	ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ			
Име на здружението	Здружение на граѓани за подигање на псико – социјалната свест Имаго Плус			
Наслов на проектот	Информативна, едукативна и психолошка помош на лица со попреченост за време на Ковид-19			
Доделена финансиска поддршка	801090 денари			
Кофинансирање (ако е предвидено)	133515 денари			
Вкупен буџет на проектот	934605 денари			
во денари	Одобрено	Реализирано		
Буџетска линија	Вкупно	Реализирано	Остаток	Остаток (%)
I ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ				
Плати и надоместоци -Проектен раководител (50%)	90.000	90.000	0	0%
Плати и надоместоци -Проектен помошник (50%)	45.000	45.000	0	0%
Плати и надоместоци - Лице за односи со јавност (20%)	27.000	27.000	0	0%
Вкупно за I	162.000	162.000	0	0
II ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ				
Трошоци за сопствен транспорт (3 општини)	36.000	36.000	0	0%
Сметководител	18.000	18.000	0	0%
Канцелариски материјали (тонер, хартија, папки, пенкала, беџови)	18.000	18.000	0	0%
Превод, лектура	24.000	24.000	0	0%
Припрема на извештај	8.500	8.500	0	0%
Ревизија (Евалуација) на проектот	30.000	30.000	0	0%
Телефон и интернет	10.000	10.000	0	0%
Трошоци за трансакции	1.600	1.600	0	0%
Веб страна и социјални медиуми	9.000	9.000	0	0%
Вкупно за II	155.100	155.100	0	0%
III ДИРЕКТНИ ТРОШОЦИ			0	
Активност (Анализа - проценка на потреби)	20.000	20.000	0	0%
Активност (Заштитни материјали: маски, ракавици, средства за дезинфекција..)	225.000	225.000	0	0%
Активност (Иработени и печатени брошури за заштита од Ковид-19)	60.000	60.000	0	0%
Активност (2 кратки видеа специјализирани за лица со попреченост) на алб и на мак. јазик	40.000	40.000	0	0%
Активност (300 материјали за промоција на проектот)	6.000	6.000	0	0%
Активност А (150 семејства посетени и дадено информација како да се заштитат од вирусот)	45.000	45.000	0	0%
Активност Б (150 повторни средби за заштита од Ковид-19 и психолошка помош)	45.000	45.000	0	0%
Активност Ц (150 индивидуални сесии за специјализирана помош)	45.000	45.000	0	0%

Активност (подготовка за јавни емисии и дебати)	6.000	6.000	0	0%
Вкупно за III	**492.000**	492.000	0	**0%**
ВКУПНО I + II + III	**809.100**	809.100	0	**0%**

Во табелата треба да се наведат реализираните трошоци за времетраење на проектот. Наведените трошоци треба да бидат конзистентни со оригиналните фактури и/или останати финансиски документи врз основа на кои е направен трошокот. Корисникот треба да ги чува оригиналните финансиски документи, како што е наведено во Договорот за обезбедување на финансиска поддршка. За потребите на известување или ревизија, Генералниот секретаријат може да ја побара на увид целокупната придружна документација.